# БЕЗБЕДНОСТА И МЕНАЏМЕНТОТ НА ГРАНИЦИТЕ

*Хари*
**КОСТОВ,**

министер за внатрешни работи
на Република Македонија

# Безбедноста и менаџментот на границите

Идното членство на Македонија во НАТО.Тоа е актуелна тема која предизвикува интерес, особено имајќи ги предвид безбедносните случувања во земјата и пошироко во Регионот.

Со започнатите реформски процеси тесно поврзани со реформите во безбедносниот и економскиот сектор, одлучната борба против организираниот криминал и корупцијата, интензивираните активности во рамки на Акциониот план за членство и реафирмираните принципи за регионална безбедносна соработка со потпишувањето на Повелбата за Американско-Јадранското партнерство, Владата јасно го идентификуваше својот стратешки интерес за полноправно членство во НАТО.

Тоа уште повеќе не обврзува да работиме на зацврстување на институциите на државата од областа на владеењето на правото, судството, одбраната, а во контекст на цврстата определба за мир и демократија. Процесот на реформи на полицијата во Република Македонија е отпочнат и истиот е во насока на изградба на поефикасна организациска поставеност, методологија на работа и делување, промоција на односот меѓу полицијата и јавноста, во функција на сервис на граѓаните.

Овие определби за партнерство за споделување на заедничките вредности беа потврдени на Лондонската конференција, Самитот на НАТО во Прага и на Самитот на ЕУ во Солун.

Во таа насока, Република Македонија во мај 2003 година во Охрид, беше домаќин на Регионална конференција за гранично управување (менаџмент) и безбедност на границите, на која беше усвоена “Заедничка платформа”, која ги содржи насоките на делување, кон кои четирите партнер организации НАТО, ЕУ, ОБСЕ, ПзС и земјите од регионот ќе останат доследни во процесот на интензивирање на интегративните процеси на земјите од регионот во европските и евроатланските структури преку унапредување на безбедноста на границите.

Документот “Заедничка платформа” јасно ги идентификува политичките цели , принципи, инструменти и видот на расположивата меѓународна помош.

Основата на тој документ е преточена во конкретни мерки за соработка кои се содржани во документот “The way forward”

Имајќи ги предвид актуелните збиднувања на меѓународната сцена, а особено меѓународниот тероризам кој добива светски размери, организираниот прекуграничен криминал, експанзијата на недозволената трговија со луѓе, дрога, оружје, експлозивни и радиоактивни материи, економската и политичката миграција, се наметнува потребата од подигнување на највисоко ниво на системот на гранична контрола и соработката меѓу државите на билатерално и мултилатерално ниво, насочено кон спречување на овие појави.

Во таа насока стратешка определба на Република Македонија е трансформацијата на принципите за гранична контрола, нивно приближување и усогласување кон стандардите на земјите-членки на Европската унија , потписницки на Шенгенскиот договор.

Би ја истакнал и поддршката која во тој процес на реформа на граничниот менаџмент Република Македонија ја добива од страна на институциите на Европската унија преку КАРДС Програмата.

Во текот на 2001 година Европската комисија преку Програмата КАРДС 2001година додели финансиски средства за два проекти:

-Стратегија за интегрирано гранично управување , проект преку кој ќе се настојува да се воспостави ефикасен граничен режим, компатибилен со европските стандарди на граничните премини.

-Проект за информатичко-комуникациски систем , односно мрежа на поврзување на граничните премини што е во насока на подобрување на квалитетот на телекомуникацискиот и информатичкиот систем на граничните премини, односно развивање на интегрирана комуникациска мрежа за контрола на лица и стоки на граничните премини и воспоставување база на податоци, кои ќе бидат достапни за сите институции одговорни за граничната контрола.

Согласно член 75 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Европската унија, област Визи, гранична контрола, азил и миграција, Република Македонија пристапи кон организациско преструктуирање на МВР со посебен акцент врз надлежностите за контрола на границите согласно искуствата на останатите европски држави со цел усогласување на работните процедури за контрола на државната граница меѓу надлежните министерства.

Би сакал да истакнам дека во процесот на реформа на граничниот менаџмент и формирањето на граничната полиција, како независна, цивилна и строго професионална структура, како приоритетни се наметнуваат следните стратешки цели и определби:

1. Измена и хармонизирање на националното законодавство од областа на граничното работење, односно постигнување на компатибилност меѓу постојната домашна законска регулатива и европската .

Приближување на работната пракса со директивите, препораките , стандардите, договорите и конвенциите кои се применуваа во земјите на Европската унија, потписнички на Шенгенскиот договор.

2. Етаблирање на ефикасна, професионална независна гранична полиција која ќе има надлежности за:

-заштита и обезбедување на државната граница

-контрола на преминување на државната граница, движење и задржување во граничниот појас.

3. Реформа и унапредување на граничниот менаџмент, насочен во правец на хармонизација на граничната контрола според стандардите на ЕУ.

4. Усогласување и интеграција на работните процедури на надлежните министерства долж граничната линија,

5. Обезбедување на слободен проток и подобрување на стандардната контрола на лица и возила кои ја поминуваат државната граница согласно критериумите за квалитет и времетраење на граничната контрола.

6. Информатичко-комуникациско поврзување на граничните премини и опремување на истите.

7.Воспоставување тесна координација со локалната власт и локалната заедница , која ќе се заснова врз градење на доверба , размена на податоци, давање поддршка и помош.

8. Попречување на преминување на државната граница од страна на диверзантско-терористички групи, вооружени банди и формации.

9. Подигнување на степенот на контрола на миграциските процеси

10.Спречување на прекуграничниот криминал во согласност со меѓународните иницијативи во овој домен.

11. Изготвување нови патни исправи и лични документи со заштитни карактеристики согласно ЕУ стандардите.

12. Воспоставување редовен процес на обука и едукација на членовите на граничната полиција како долгорочен процес.

13. Етапно преземање на обезбедување на државната граница од АРМ со соодветна динамика и распоред, заклучно со 31.12.2005 .

14. Развивање и унапредување на регионална и мултилатерална соработка.

Професионалното полициско работење треба да се заснова на принципите кои обезбедуваат демократска контрола, ефикасност и соодветна имплементација.

Демократската контрола се обезбедува преку учеството на цивилните власти во обезбедувањето и контролата на границите, со воена асистенција единствено во исклучителни случаи, пропишани со закон.

Ефикасноста би се обезбедила преку развој на национална стратегија за интегриран граничен менаџмент, вклучувајќи го периодот на транзиција, заснована на професионализам и меѓуресорска соработка.

Соодветната имплементација се очекува да се постигне преку јасно дефинирање на функционалните одговорности и улогата на полицијата, царината и војската, услови под кои се одвива трансферот на одговорностите, размена на офицери за врска, воспоставување на соодветен механизам за редовна размена на информации и зедничка проценка на заканите.

Целокупниот процес на формирање на гранична полиција е доста сложен и ќе биде неопходно да се одвива во неколку фази при што секоја фаза треба да обезбеди мерливи резултати кои ќе бидат основа за преминување на следната фаза.

За управување и реализација на овој проект е формирана интересорска работна група.

Во оваа работна група членови се претставници на министерствата со соодветни надлежности на граничните премини, а координатор е претставник на МВР. Оваа работна група го изготви предлогот за донесување на Стратегија за интегрирано гранично управување, а Предлог-програмата за формирање на Гранична полиција е составен дел на Националната стратегија за интегрирано гранично управување.

Граничната полиција ќе биде посебна безбедносна и оперативна служба на Министерството за внатрешни работи за контрола на преминување на државната граница, обезбедување на државната граница и контрола на придружување на пограничниот режим и ќе ги реализира своите функции во зоната на зелената линија, граничните премини, воздушните пристаништа, внатрешните води - езера, други водни површини и погранични реки.

Признавајќи дека прашањата за граничната безбедност и менаџмент треба да се разгледуваат преку регионалната димензија, во блиска соработка со другите меѓународни организации, за време на транзициониот период НАТО ќе остане фокусиран на поддршката на воените единици кои се вклучени во граничната контрола и пресретнувачките активности насочени против нелегалната трговија.
НАТО преку канцелариите на високиот цивилен претставник ,високиот воен претставник и офицерот за врска ќе обезбедува советодавна помош за воените аспекти во реформирањето и реструктуирањето на граничната безбедност.

Фокусот на работењето на ОБСЕ ќе биде насочен кон обезбедување на помош во зајакнување на институционалните капацитети и промовирање на регионалната соработка, како и на билатералната прекугранична соработка.

Воедно, Пактот за стабилност ќе обезбеди континуитет на работата на консултативната група во блиска соработка со земјите од Регионот во однос на аспектот на цивилно-воената соработка. Новоформираната група задолжена за гранични и визни прашања под Иницијативата за миграција, азил, регионално враќање ќе им помогне истовремено на земјите во нивните напори “вис-а-ви” обврските на Договорот за стабилизација и асоцијација и во билатералната и регионалната соработка, а процесот ќе биде помогнат и од СЕКИ центарот во Букурешт.

Целосно сум уверен дека овој процес на трансформација на граничното обезбедување и пренесување на надлежностите од Армијата на Полицијата , заедно со поддршката што ја добиваме од меѓународната заедница во политичка и финансиска смисла, се гарант дека овој процес успешно ќе биде спроведен во нашата земја. За тоа постојат капацитети и безбедносни претпоставки.